ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 40 став 1 алинеја 1 од Статутот на ТТК Банка АД Скопје, Собранието на акционери на Банката, на седницата одржана на ден 29.3.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за измени и дополнувања на Статутот на ТТК Банка АД Скопје**

**Член 1**

Во Статутот на ТТК Банка АД Скопје /пречистен текст/ бр. 02-3724/4 од 8.5.2023 година, се вршат следните измени и дополнувања:

1. Во членот 9 износот од „965.586.000 денари“ се менува со износот „1.033.175.000 денари“ .

2. Во членот 9 бројот „965.586“ се менува со бројот „1.033.175”.

**Член 2**

Се овластува Надзорниот одбор на Банката да врши измени и/или дополнувања на оваа одлука на барање на Народната банка на Република Северна Македонија.

**Член 3**

Се овластува Надзорниот одбор на Банката да подготви пречистен текст на Статутот на Банката.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила по усвојувањето од страна на Собранието на акционери на Банката и по издавањето на претходна согласност од Гувернерот на Народната банка на Република Северна Македонија.

**Собрание на акционери на Банката**

**Претседавач**

____________________________

**О б р а з л о ж е н и е**
**на потребата за измени и дополнувања на Статутот на ТТК БАНКА АД Скопје**

Со Предлог - одлуката за измени и дополнувања на Статутот на ТТК БАНКА АД Скопје (пречистен текст) бр. 02-3724/4 од 8.5.2023 година се вршат измени и дополнувања на Статутот коишто се однесуваат во делот на основната главнина на Банката.

Собранието на акционери на Банката донесе Одлука за зголемување на основната главнина на ТТК Банка АД Скопје со средства на Банката со издавање хартии од вредност по пат на приватна понуда со IV (четврта) емисија акции.

Со оваа одлука Банката ја зголеми основната главнина на Банката преку издавање долгорочни хартии од вредност – акции со средства на Банката, преку распределба на дел од добивката на Банката за 2023 година и исплата на дивиденда во акции со издавање нова емисија хартии од вредност по пат на приватна понуда IV (четврта) емисија на обични акции.

Во согласност со наведеното се наметна потребата за измена на Статутот, поради што се предлага Собранието на акционери на Банката да ја донесе Одлуката за измени и дополнувања на Статутот на ТТК Банка АД Скопје.

НАДЗОРЕН ОДБОР